**Триглав Осигурување АД, Скопје**
бул. 3-та Македонска Бригада бр. 36
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување на комуникациска опрема за употреба во домот

ПУ-курд 25-12-мк

## член 1: воведни одредби и дефиниции

[1] Овие Посебни услови за осигурување комуникациска опрема за употреба во домот (во натамошниот текст: „Посебни услови“), како и Општите услови за комбинирано осигурување на домаќинства (во натамошниот текст: „Општи услови“), се составен дел од Договорот за осигурување комуникациска опрема за употреба во домот, кој договарачот на осигурување ќе го склучи со Триглав осигурување АД - Скопје.

[2] Изразите употребени во овие Посебни услови го имаат следново значење:

**осигурувач** - Триглав осигурување АД - Скопје, друштво за осигурување со кое е склучен Договорот за осигурување;
договорач на осигурување - лице кое го склучува Договорот за осигурување;
**осигуреник** - лице чиј имот и/или имотен интерес се осигурува, односно сопственикот на комуникациската опрема;
корисник на осигурување - телекомуникациски оператор во чија корист се склучува Договорот за осигурување;
**полиса** - документ за склучување на Договорот за осигурување;
изјава за прием при осигурување - писмена изјава на договарачот на осигурување за пристапување кон Договорот за осигурување;
**премија за осигурување** - паричен износ на средства кој договарачот на осигурува-њето му го плаќа на осигурувачот во согласност со Договорот за осигурување (во натамошниот текст: премија);
**осигурен случај** - настан кој, во согласност со Посебните услови, го обврзува осигурувачот да му исплати на корисникот на осигурувањето надомест од осигурувањето;
**комуникациска опрема** - ТВ-рисивер, интернет-модем и друга интернет-опрема, уреди за паметен дом (Smarthome) и слично, која телекомуникацискиот оператор ја дава на користење при склучување договори за комуникациски услуги на фиксна локација;
**телекомуникациски оператор** - правно лице кое обезбедува јавна електронска комуникациска мрежа и/или услуги, како и придружни средства врз основа на доставена нотификација и добиена потврда за регистрација од Агенцијата за електронски комуникации.

## член 2: предмет на осигурување

[1] Предмет на осигурување во согласност со овие Посебни услови е комуникациска опрема која му е дадена на користење на договарачот на осигурување од страна на телекомуникацискиот оператор, врз основа на склучен договор за комуникациски услуги на фиксна локација.

[2] Осигурена е само комуникациската опрема која е наведена во полисата.

## член 3: место на осигурување

[1] Местото на осигурувањето е објектот каде што е инсталирана комуникациската опрема од страна на телекомуникацискиот оператор, а кое се наведува во полисата со улица и број.

## член 4: осигурени опасности (ризици)

[1] Во рамките на опсегот одреден со овие Посебни услови, осигурувањето покрива уништување или оштетување на комуникациската опрема што настанало како резултат на следниве основни опасности:
1) пожар;
2) удар од гром;
3) експлозија;
4) луња;
5) град;
6) паѓање на воздушни летала;
7) манифестации и демонстрации;
8) излевање на вода;
9) лизгање на земјиште;
10) снежна лавина;
11) провална кражба и разбојништво.

[2] Осигурувањето не покрива штети што настанале поради нуклеарна реакција, нуклеарна радијација или радиоактивна контаминација.

## член 5: пожар

[1] Пожар е оган појавен надвор од определено огниште или оган кој го напуштил тоа место и е способен понатаму да се развива со својата сопствена сила.

[2] Не се смета дека настанал пожар и осигурувачот не е должен да ја надомести штетата ако комуникациската опрема е уништена или оштетена поради:
1) изложување на оган или топлина при обработка, преработка или друга намена (на пример, при пеглање, сушење, пржење, печење, варење, загревање, чадење и слично) или поради паѓање или фрлање на предметот во огниште (печка, шпорет и слично) или врз него;
2) прегорување, исчадување, запалување со цигари, жар, светилка, печка и слично;
3) дејство на електрична енергија од преголем напон или загревање поради преоптоварување на електрични машини, апарати или електрични водови. Како исклучок, осигурувачот е должен да ја надомести штетата од пожар што настанал поради дејство на електрична енергија и кој по прекинот на тоа дејство би се ширел самостојно.

## член 6: удар на гром

[1] Осигурувањето покрива штети кои на комуникациската опрема се предизвикани од гром со неговата сила или топлина, како и штети предизвикани од удар на предмети кои биле соборени од гром.

[2] Осигурувањето не покрива штети:
1) настанати поради дејство на електричната енергија од пренапон или загревање поради преоптоварување и атмосферски влијанија (статички оптоварувања и индукција поради атмосферски празнења или слични појави);

2) предизвикани од удар на гром со пренос на електрична енергија по електрични водови.

## член 7: експлозија

[1] Експлозија е ненадејно пројавување сила заснована врз стремежот на пареа или гасови за проширување. Кај садови под притисок (котли, цевки и слично) експлозија настанува во случаи кога ѕидовите на садот попуштаат во толкава мера што во еден момент доаѓа до изедначување на внатрешниот и надворешниот притисок.

[2] Осигурувањето не опфаќа штети настанати поради:
1) минирања извршени од осигуреникот или поради дозволени минирања извршени од трети лица;
2) издувување експлозивни гасови од печки и слични уреди;
3) експлозија од биолошки карактер;
4) пробивање на звучниот ѕид;
5) експлозија што настанува во садови под притисок (котли, цевки и слично) поради дотраеност, истрошеност или преголеми наслаги на ’рѓа, бигор или талог во садот, но се надоместува штета настаната на други осигурени предмети во врска со настанатата експлозија на садот;
6) намалување на притисок во садот (имплозија).

## член 8: луња

[1] За луња се смета ветер со брзина од најмалку 17,2 m/s, односно 62 km/h (8 степени по Бофоровата скала). Се смета дека имало луња ако ветрот во подрачјето каде што се наоѓа осигурениот предмет кршел гранки од стебла или ги оштетил редовно одржуваните градежни објекти. Во случај на двоумење, осигуреникот мора да ја докаже брзината на ветерот преку извештај од Хидрометеоролошки завод.

[2] Осигурувањето покрива штети предизвикани само од непосредно дејство на луња или директен удар на предмети кои биле соборени врз осигурените предмети или однесени со луњата. Покриени се и штети настанати поради продор на врнежи низ отвори создадени со луњата.

[3] Осигурувањето од луња не опфаќа штети:
1) од навлегување дожд, град, снег или други наноси преку отворени прозорци или други отвори на објекти, освен преку отвори што настанале од луњата;
2) поради снежни наноси или тежина на снег;
3) на објекти кои не се изградени на вообичаениот начин на изградба во тоа подрачје или кои се слабо одржувани или дотраени.

## член 9: град

[1] Осигурувањето опфаќа штети што се предизвикани од град кога градот со својот удар ќе го оштети осигурениот предмет, така што ќе го скрши, пробие, откорне или, пак, осигурениот предмет ќе пукне или ќе го промени својот облик поради ударот. Покриени се и штетите од навлегување врнежи низ отвори настанати од паѓање на град.

## член 10: паѓање на летало

[1] Осигурувањето покрива штети што настанале со паѓање на летала од кој било вид (моторни летала, едрилици, хеликоптери, ракета, балон и слично) врз комуникациската опрема или удар во нив.

[2] Се смета дека настанал осигурен случај ако од леталото е уништен или оштетен осигурениот предмет, неговите делови, како и предмети од него.

## член 11: манифестации и демонстрации

[1] За манифестација, односно демонстрација се смета организирано или спонтано јавно покажување на расположението на група граѓани. Покриени се само оние штети што настанале поради манифестација, односно демонстрација што ја допуштиле надлежните државни органи.

[2] Се смета дека настанал осигурен случај ако осигурениот предмет е уништен или оштетен на кој било начин како последица на манифестации и демонстрации (разбивање, рушење, демолирање, палење и друго).

## член 12: излевање вода

[1] Осигурувањето покрива штети што настанале поради:
1) излевање вода од водоводни и одводни инсталации, како и уреди за греење со топла вода и парно греење и други уреди приклучени на водоводната мрежа, поради оштетување (кршење, пукање или откажување на уредите за управување и безбедност) на тие цевки и уреди;
2) неочекувано избивање пареа од уредите за греење со топла вода и парно греење;
3) излевање вода од отворени славини надвор од домот на осигуреникот.

[2] Осигурувањето не опфаќа штети што настанале поради:
1) излевање вода од отворени славини во домот на осигуреникот;
2) дотраеност, истрошеност и корозија;
3) габи настанати од влага;
4) лошо одржување на водоводната и канализациската мрежа, на уреди за топла вода и парно греење, како и на други уреди, или недоволна заштита од замрзнување и слично;
5) излевање вода од олуци и олучни цевки, освен ако до излевањето дојде од цевка за атмосферски одвод, којашто е вградена во внатрешноста на објектот;
6) слегнување на тлото како последица од излевање вода од водоводни цевки;
7) штети на самите водоводни и канализациски цевки, уреди и котли поради кршење или прскање;
8) поради оштетувања настанати со работа на инсталации и промена на вентили од страна на нестручни лица.

## член 13: лизгање на земјиште

[1] За лизгање на земјиште во смисла на овие Услови се сметаат ненадејни движења на земјишната површина на коси терени со јасно видливи расцепувања и набори на земјишната површина, ако тие движења во краток временски период предизвикуваат статички опасни деформации или широки пукнатини на објектите.

[2] Исто така, за лизгање на земјиште се смета и одронување земјиште или земјишно тло како геолошко отстапување или тркалање тврди делови од земјата или земјишното тло. Сепак, во тој случај осигурувањето ги покрива само штетите што настанале поради удар од тврди делови од земјата или земјишното тло кои се откинале и притоа го уништиле или оштетиле осигурениот предмет.

[3] Осигурувањето не покрива штети што настанале:
1) доколку земјиштето на кое се наоѓа објектот, во моментот на склучување на Дого-ворот, во геолошка смисла, веќе почнало да се лизга;
2) поради лизгање што било предизвикано од човекова дејност (на пример, сечење на тлото, ископ и слично);
3) поради улегнување или слегнување на тлото;
4) поради постепено геолошко лизгање кое се согледува во помали пукнатини на објектите.

## член 14: снежна лавина

[1] Осигурувањето покрива штети што настанале поради лизгање снежна маса која се откинала од планинските падини.

[2] Осигурувањето, исто така, покрива штети што настанале од дејството на воздушен притисок предизвикан од снежна лавина.

## член 15: провална кражба и разбојништво

[1] Провална кражба се смета дека настанала ако сторителот:
1) провали во заклучени простории (скрши или провали врата, прозорец, ѕид, таван или под);

2) отвори заклучени простории со лажен клуч или некое друго средство што не е наменето за редовно отворање;
3) незабележливо влезе на местото од осигурување, се скрие и изврши кражба во време додека просторот е заклучен;
4) се провлече во заклучени простории преку отвор кој не е наменет за влез и притоа совлада препреки кои оневозможуваат влез без напор;
5) провали во заклучено складиште во просторот каде што стигнал на начин кој во согласност со одредбите од овој член се смета за провална кражба;
6) отклучи простор или складиште каде што се наоѓаат комуникациската опрема со вистински клуч или со негов дупликат, ако до таков клуч дошол на начин како што е утврдено во точките од 1 до 5 од овој став или со разбојништво;
7) продре во простор кој не е на приземје или во подрум преку отворен прозорец.

[2] За провална кражба не се смета доколку:
1) сторителот влезе преку отворен прозорец ако долниот раб од земјата е оддалечен помалку од 160 cm;
2) таа е предизвикана или во неа учествувало или ја поттикнало лице кое со осигуреникот живее во исто домаќинство.

[3] За разбојништво се смета одземање комуникациската опрема со примена на сила или загрозување на здравјето и животот на осигуреникот или на членови од неговото домаќинство.

[4] Осигурувањето не покрива штети доколку кражбата ја прикрива или во неа учествува како учесник или поттикнувач лице кое живее во заедничко домаќинство со осигуреникот.

## член 16: вредност на осигурените предмети

[1] Вредноста на комуникациската опрема, доколку поинаку не е договорено, е набавната цена на нови предмети намалена за износот на истрошеност, старост и економска застареност.

## член 17: пресметка на штета

[1] Штетата што е покриена со осигурувањето се пресметува во случај на:
1) уништување или исчезнување на комуникациската опрема - според осигурената вредност на предметите при ликвидација на осигурениот случај;
2) оштетување на комуникациската опрема во висина на трошоците за поправка и материјал колку што би изнесувале по завршување на ликвидацијата на осигурениот случај, намалени за изгубената вредност поради абење, старост, економска и техничка застареност (амортизација), освен ако не е поинаку одредено, како и за вредноста на остатоците. Во штетата не се пресметуваат трошоците кои при поправка настанале поради подобрување, усовршување или други промени кај комуникациската опрема.

[2] Се смета дека комуникациската опрема е уништена и за тоа се пресметува штета по точка 1 од претходниот став доколку трошоците за поправка ја достигнале вредноста на предметите, намалена за вредноста на остатоците.

[3] Остатоците од уништени или оштетени предмети остануваат кај осигуреникот и се пресметуваат по пазарна цена на крајот од ликвидацијата на осигурениот случај, и тоа во состојбата во која се наоѓале веднаш по осигурениот случај.

[4] Осигурувачот не е обврзан да ја надомести целата вредност на уредот доколку оштетениот дел не може да се поправи (затоа што, на пример, уредот е произведен во странство или повеќе не се произведува). Во овој случај, осигурувачот ја надоместува само вредноста на оштетениот дел во сразмер со функционалното учество на овој дел во однос на целиот уред.

## член 18: замена на осигурениот предмет

[1] Во случај на замена на комуникациската опрема со нова врз основа на гаранција или уништување, правата и обврските по однос на полисата за осигурување преминуваат на новата комуникациска опрема. Времетраењето на полисата и обемот на покритие не се менуваат.

## член 19: трошоци по осигурен случај

[1] Во штетата не се вклучени и трошоците за чистење кое е потребно поради уништување или оштетување на осигурените предмети.

[2] Осигурувањето не ги покрива трошоците за отстранување или намалување на опасноста, ниту трошоци за интервенција од противпожарни единици и други организации, кои заради природата на своето работење мора да обезбедат бесплатна помош при осигурен случај.

## член 20: склучување договор за осигурување

[1] Договарачот на осигурувањето, односно корисникот на комуникациската опрема, пристапува кон Договорот за осигурување со потпишување изјава за осигурување при пристапување во осигурување (во натамошниот текст: изјава). Изјавата претставува документ со кој се потврдува дека договарачот на осигурувањето доброволно пристапува во осигурувањето со Договорот што го склучува со осигурувачот. Договарачот со својот потпис на изјавата потврдува дека е согласен, во случај на настанување осигурен случај во согласност со овие Посебни услови, да му се исплати надомест од осигурување на корисникот на осигурувањето.

[2] Договорот за осигурување се смета за склучен и кога договарачот на осигурување и осигурувачот ќе ја потпишат полисата.

[3] Договорот за осигурување се смета за склучен и со самото плаќање на премијата за осигурување.

## член 21: траење на договорот за осигурување

[1] Траењето на Договорот за осигурување се одредува во полисата за осигурување.

[2] Договорот за осигурување започнува од дваесет и четвртиот час на оној ден кој е означен во полисата како ден на почетокот на траењето на осигурувањето, а престанува во дваесет и четвртиот час на оној ден кој во полисата е означен како ден на престанување на рокот за кој е договорено осигурувањето.

[3] Траењето на осигурувањето е еднакво со траењето на договорот за комуникациски услуги на фиксна локација, при што траењето на периодот за осигурување не може да престане пред истекување на договорот за комуникациски услуги на фиксна локација.

[4] Во секој случај, Договорот за осигурување престанува со престанување на договорот за комуникациски услуги на фиксна локација. Престанокот се однесува и во случаи на предвре¬мено раскинување на договорот за комуникациски услуги на фиксна локација.

[5] Во сите случаи при престанок на важноста на Договорот за осигурување пред завршување на периодот за осигурување, на осигурувачот му припаѓа премија до денот до кој трае неговата обврска, освен ако не е поинаку договорено.

## член 22: плаќање премија

[1] Првата, или еднократна премија, договарачот на осигурувањето е должен да ја плати при склучување на Договорот за осигурување, а остатокот од премијата за кој е договорена динамика за плаќање на рати треба да се плати најдоцна пред истекот на осигурувањето.

[2] Доколку е договорено премијата да се плаќа на рати за изминатото време на осигурувањето, може да се пресметува редовна камата на износот на премијата за која е договорено одложено плаќање. Ако ратата не е платена до денот на доспевање, може да се пресметува и законска камата.

## член 23: поврат на премија

[1] На осигурувачот во целост му припаѓа премијата за тековната осигурителна година доколку осигурениот предмет е уништен како последица на осигурените опасности.

[2] Осигурувачот не врши поврат на дел од премијата за неискористеното време на осигурување ако осигурениот предмет е уништен поради настанување неосигурени опасности.

## член 24: обврски на осигуреникот по настанување осигурен случај

[1] Договарачот на осигурување е должен да пријави кај осигурувачот настанување на осигурен случај најдоцна во рок од три дена од денот кога дознал за случајот.

[2] Договарачот на осигурување е должен веднаш да го извести надлежниот орган за внатрешни работи (полиција) за осигурениот случај кој настанал поради пожар, експлозија, провална кражба и разбојништво, односно обид за нив, како и обична кражба, и да наведе кои предмети биле уништени или оштетени.

[3] Договарачот на осигурување е должен да му ги достави сите податоци на осигурувачот и други докази кои се потребни за утврдување на причината, опсегот и висината на штетата.

[4] Доколку договарачот на осигурување не ги исполни своите обврски во договорениот рок, осигурувачот може да не го исплати надоместокот од осигурување, ако поради тој пропуст не може да се утврди настанување на осигурениот случај или опсегот на оштетување на осигурените предмети.

## член 25: завршни одредби

[1] За сите прашања кои не се регулирани со одредбите на овие Посебни услови се применуваат одредбите на Општите услови за комбинирано осигурување на домаќинства (УС-ств/25-12-мк).

[2] Овие Посебни услови со назнака ПУ-курд/25-12-мк влегуваат во сила и ќе се применуваат од декември 2025 година.